Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 478 www.mchamber.mk 14.01.2022



# Градежништвото чека антикризни мерки, недвижностите атрактивни и во ковид пандемија

*ОБРАЗОВАНИЕ - ИНВЕСТИЦИЈА ВО БИЗНИСОТ*

*страница 6*

*СРЕЌНА НОВА!*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ГРАДЕЖНИШТВОТО ЧЕКА АНТИКРИЗНИ МЕРКИ, НЕДВИЖНОСТИТЕ АТРАКТИВНИ И ВО КОВИД ПАНДЕМИЈА



Градежништвото во 2021 година по растот од 3,9 проценти во првите три месеци, во вториот и во третиот квартал забележа пад од 2,4 односно 1,5 проценти. Секторот, кој се соочи со поскапување на градежните материјали и помал обем на работа поради мораториумите за градба во претходниот период, постојано апелира за повеќе работа и во нискоградбата и во високоградбата. Пазарот на недвижности, пак, и во минатата пандемиска година регистрираше зголемен обем на трансакции, а продолжи и поскапувањето на становите.

Градежната фела на крајот на минатата година испорача барања до Владата за антикризни мерки заради порастот на цените на градежните производи и репроматеријалите при јавните набавки, каде е пропишана фиксна цена во тек на изведба и јавните набавки и каде единствен услов за нејзино добивање е најниската цена.

Пандемијата во овој сектор предизвика драстичен раст на цените на репроматеријалите на светските берзи, што пак предизвика раст на цените на градежните производи, кои до крајот на годината кај оплатата достигнаа до 55 проценти, кај геокомпозитот до 57,5 проценти, кај термоизолацијата ESP до 61,3 проценти, кај заштитните премази до 44 проценти, кај полимер-битуменот за асфалт до 47 проценти, а кај челичните профили и цевки дури до 95 проценти. Тоа, како што оценија од реалниот сектор, директно се одразува на исплатливоста на реализацијата на проектите што се изведуваат врз основа на договори во кои се предвидени фиксни цени за изведба, особено во доменот на јавните набавки. Поскапувањата на производите влијаат и врз цените на становите, како и врз одлуките за приватни вложувања во домувањето (реновирање, реконструкција и слично), што, покрај компаниите, ги засега и приватните инвеститори и граѓаните.

Од Здружението на градежништво, индустрија на градежни материјали и неметали при Стопанската

комора на Северна Македонија на крајот на минатата година побараа да се воведе повластена даночна стапка на данокот на додадена вредност од 5 проценти за прометот и за увозот на градежни производи, до стабилизирање на пазарот на градежни производи. Исто така, во новите постапки за доделување на договорите за јавни набавки на работи, во тендерската документација да се предвидува можност за корекција на цените, за да се овозможи договорите за јавни набавки да се изменуваат во случај на покачување на цените без спроведување нова постапка за јавна набавка. Во однос на склучените договори за јавни набавки, се бара Владата по примерот на некои земји во регионот (Република Хрватска) да ги повика договорните органи заедно со договорните страни да пристапат кон анализа на договорените единечни цени на градежни материјали и производи, за да ги утврдат ставките каде промената на цената по почетокот на пандемијата влијаела на нивно зголемување за повеќе од 10 проценти, по што врз основа на анализата потоа ќе пристапат кон измена на договорите.

– Во моментов зголемените цени на градежните материјали се одразуваат во голема мерка и ќе се одразат уште повеќе на цената на становите. Во моментов се многу оштетени компаниите кои работат на јавни набавки во кои главен норматив за добивање на јавната набавка е минимална цена. Проблем се и јавните набавки каде е пропишана фиксна цена за целото време на траење на проектите. Мораториумите за градба во Скопје и поскапувањето на цените на градежните материјали си го направија своето и сега становите поскапуваат. До каде ќе одат поскапувањата зависи од многу фактори, а пред се од куповната моќ на граѓаните и од исплатливоста за градба во одредени подрачја, изјави Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништво, индустрија на градежни материјали и неметали при Стопанската комора.

Градежниците од Владата бараат ангажман и на најавените капитални проекти за изградба на патиштата на коридорите 8 и 10. Во наредниот период, како што велат, ќе биде важно и под кои услови ќе се добива изведбата на патиштата од коридорите 8 и 10 за кои е потпишан меморандум со конзорциумот „Бехтел и Енка“ и каква ќе биде улогата на македонските компании во тој процес. Како градежна фела тие побараа од Владата да бидат вклучени уште при проектирањето, планирањето па се до изградбата на овие патишта и да добијат цврсти гаранции дека нема да бидат изоставени.

Според реалниот сектор, изградбата на овие автопати претставува сериозна градежна активност земајќи ги предвид големината и потенцијалите на нашата држава. Очекува Владата да се заложи за 51 процент од проектирањето и изведбата на овие патни делници со стратешкиот партнер да бидат ангажирани домашните градежни компании.

Податоците од Регистарот на цени и закупнини на Агенцијата за катастар на недвижности, покажуваат дека побарувачката за недвижности за време на пандемијата се одвива како и претходно. Најголем обем на трансакции, вклучувајќи и најголем број продадени станови има во главниот град, во општините Центар, Карпош, Аеродром. Цените се движат во зависност од побарувачката и на поатрактивните локации се повисоки. Се зголемија и цените на становите во подрачјата со помала трансакциска активност поради порастот на цените на градежните производи, услугите, суровините.

Регистарот на цени и недвижности покажува дека во третиот квартал лани имало 9.231 трансакција, значително повеќе во однос на претходните два квартала кога имаше околу 7.500, што се исто така поголеми бројки во однос на претходната прва пандемиска година. Од 9.231 трансакција, 7.277 биле продажби на недвижности, а 1.954 закупи на недвижен имот.

Во третиот квартал годинава, според податоците на Народната банка, недвижностите поскапеле за 5,9 отсто. Во првиот квартал зголемувањето изнесуваше 3,2 отсто, а во вториот 4 отсто. Според тврдењата на приватните инвеститори, квадратен метар станбена површина се продава и до 1.500 евра во општини како Центар и Карпош.

Бројот на вработени во градежништвото во третото тримесечје бележи пораст од 3,1 проценти, а просечната исплатена нето-плата по вработен за првите девет месеци бележи пораст од 6,1 проценти. Податоците, според Стопанската комора на Северна Македонија, упатуваат на заклучокот дека во услови на намалена градежна активност и значителен пораст на трошоците за плати, репроматеријали и други услуги, градежните компании не го намалиле бројот на вработени, односно компаниите сами го преземаа товарот за справување со последиците од пандемијата.

Според Државниот завод за статистика, од почетокот на 2021 година заклучно со октомври, се издадени 3285 одобренија за градба. Во октомври 2021 имало 509 одобренија за градење, од кои 321 (63.1 процент) за објекти од високоградба, а 57 (11,2 проценти) од нискоградба. Предвидена е изградба на 2 311 станови, со вкупна корисна површина од 164 243 метри квартани. Во септември, пак, биле издадени 318 одобренија за градење, од кои 184 за високоградба, а 35 за нискоградба. Од предвидените 618 станови, најмногу се во Скопскиот регион, 216, од кои 196 се во Општина Гази Баба. Во претходниот месец, во август 2021, од 276 издадени одобренија за градење, 147 биле за објекти од високоградба, а 49 од нискоградба. Со тие дозволи се планирани 1 582 станови.

Статистичкиот годишник на Државниот завод за статистика покажува дека во 2020 година биле изградени 4.077 станови, а во 2019 година 6.069 , односно помалку за 32 проценти.. Во 2018 и 2017, пак, биле изградени 5 436, односно 5 622. Во 2020 година биле издадени 2983 одобренија за градење, од кои во високоградбата 1 596, а 394 во нискоградбата.

# СРЕЌНА НОВА!



Измина и 2021 година и некако по инерција, време е да кажеме што сме направиле. Дилемата е: Дали да се почне со состојбите што ни ги донесе КОВИД 19 пандемијата, една од најболните пандемии во поновата историја, или со нешто позитивно: Што сме сработиле и покрај сите предизвици на КОВИД 19 вирусот?

Денес, не сакам да пишувам за блокираниот пристапен процес на нашата земја за влез во Европската Унија; за проценката дека нашата земја е умерено подготвена да ги преземе обврските од членството во ЕУ; за стагнацијата на економскиот раст и конкурентноста на земјата; за растот на јавниот долг на 61,2% од БДП и на државниот долг 52% од БДП; за новите иницијативи наместо имплементација на постојната правна рамка, за забавување на реформите во социјалната политика и за системските слабости и умерената подготвеност во делот на образованието (според Извештајот на ЕК). Нема да зборувам за недостигот на независност, координација и капацитети на институциите и за недостигот на ресурси, што би подразбирало вработување на способен, компетентен и стручен кадар на вистинско место и во вистинско време и за недостигот на напорите за спроведување на законите и политиките.

Денес, на вториот ден од 2022 година, ќе пишувам за активностите на Стопанската комора на Северна Македонија кои ја обележаа 2021 година, затоа што ова е значајна година на Комората, која ги одбројува деновите за одбележување на нејзиниот јубилеј - 100 години од коморското здружување во нашата земја. И додека другите зборуваат, бројките на настаните и другите активности ја потврдуваат реалноста на работењето на Комората. Да почнеме од почеток.

1. Пандемијата не ја спречи Комората да иницира и да учествува во креирањето на новиот Закон за стручно образование и обука за усогласување на образованието со потребите на бизнис-заедницата, што овозможува долгорочно планирање на развојот на бизнисот, обезбедување работна сила и решавање на празнините за потребните вештини и квалификации. И додека, заедно со компаниите, учествуваше на дебати за предлог Законот за стручно образование и обука, Комората истовремено ја организираше дебата „Гласот на бизнис заедницата за Законот за стручно образование и обука“ со преставници на компании, вклучени во стручното образование и обука, коморите, Организацијата на работодавачи на Македонија и министерството за образование и наука за да се слушнат мислењата на компаниите. Неизбежно е да се спомене дека Комората бара во Законот за работни односи да се вклучи практичната обука на ученикот во компанија како работно искуство на ученикот со добивање на документ, кој ќе биде вреднуван од работодавачот, и вклучена во измените на Законот за Национална рамка на квалификации, што беше основа да започнат реформи во стручното образование и обука (модуларни образовни програми според потребите на бизнисот, кредитен систем, педагошка документација и процес на валидација на предходното учење и искуство).



2. Пандемијата не ја спречи Комора да работи на зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука и на засилување на соработката меѓу компаниите и стручните училишта за реализација на практична обука на учениците во компаниите и заедно со министерството за образование и наука активно беше вклучена во кампањата „Учи паметно, работи стручно“, поддржана од проектот „Образование за вработување“. Резултат од кампањата: уписна политика според потребите на бизнисот на локално и регионално ниво, зајакнување на социјалниот дијалог, нови квалификации, модернизирани образовни програми и најважно од сè: 211 фирми вклучени во процесот на стручното образование и раст за 6% на запишани ученици во стручното образование (без економско и медицинско образование).

3. Пандемијата не ја спречи Комората да организира и модерира настани за важноста на образованието во обезбедување квалификуван и стручен кадар од сите нивоа на квалификации. Токму во овој контекст ќе ги споменам конференциите на тема: „Високото образование и бизнисот-заеднички предизвици и приоритети“; „Синергија на партнерите во обезбедување пазарно - ориентирано стручно образование и обука“ и издадена брошура со клучни поенти на говорниците https://www.mchamber.mk/upload/publications/4/771_1.pdf), „Раст на бизнисот преку развој на вработените“ и националната конференција: „Промоција на Регионалниот фонд за предизвици“ и отворениот повик за доделување грант од 600.000 евра за конзорциумите кои ќе учествуваат во зајакнување на стручното образование и обука, како и дебатата „Образованието како фактор за забрзан регионален развој преку подобрување на усогласеноста на побарувачката и понудата на вештини“.

4. Пандемијата не успеа да спречи Комората и понатаму да биде препознатлива на национално и регионално ниво во поддршката што ја дава за обезбедување функционално стручното образование. Тоа беше причината, преставник на Комората да биде модератор на конференцијата „Добро обучен кадар кој ја познава компанијата“ организирана од Институтот за бизнис и менаџмент, Хајделберг, Скопје и организацијата АБИТ, во рамките на Балкан Бизнис неделата; и панелист на регионалните конференции „Квалификацискиот систем во земјите од Западен Балкан“ и „Кон заеднички регионални стандарди за занимања ТО РЕГОС“ во организација на ЕРИ СЕЕ; завршната конференција „Регионални занимања – ТО РЕГОС“ во организација на ЕРИ СЕЕ; регионалната конференција „Важноста на јавно приватно парнерство во развојот на вештини и компетенции кај младите лица вклучени во стручното образование“ во организација на КИФ и Европската фондација за обука (ЕТФ) и на првата регионална конференција „Поддршка на конзорциумите за практична обука на учениците во компании“ во организација на Регионалниот фонд за предизвици и КИФ.

5. Пандемијата не ја спречи Комората да ја изработи анализата „Анализа на понудата и на побарувачката на вештини во пет плански региони (скопски, источен, пелагониски, југоисточен и вардарски) во Република Северна Македонија“ (https://www.mchamber.mk/upload/publica-

tions/4/781_1.pdf) за потребата од работна сила за обезбедување кадар за компаниите во петте плански региони, која е иницирана од потребата за развој на нови квалификации во насока на задоволување на побарувачката на работна сила и обезбедување економски развој на државата. Комората знае дека со континиуирано изработување на сеофатни анализи кои ги следат промените на движењата на понудата и побарувачката на пазарот на труд, се обезбедуваат релевантни показатели за потребите од квалификуван кадар; за потенцијалните вработувања; како и за политиките на бизнис-секторот во однос на нови вработувања, преквалификации и доквалификации на постојниот кадар, затоа што на бизнисот покрај правна и економска стабилност, потребни му се ресурси за зголемување на продуктивноста во работењето и сигурни показатели за предвидување на своите инвестирања. За поголема видливост и транспарентност на резултатите следува презентација на наодите од Анализата.

6. Пандемијата не ја спречи Комората транспарентно да ја прикаже својата улога како линк помеѓу образованието и бизнисот преку одржани прес-конференции на тема: „Наодите од анализата за потребата од работна сила за обезбедување кадар за потребите на компаниите“; „Партнерски однос за пазарно ориентирано стручно образование и обука“ „Наодите од анализата за потребата од работна сила за обезбедување кадар за потребите на компаниите“, како и учество на прес-конференцијата организирана од Владата на РСМ „Уписна политика според потребите на бизнис заедницата“.

7. Пандемијата не ја спречи Комората да подготви низа документи кои ќе го олеснат процесот на вклучување на компаниите во стручното образование и обука. Со непосредна помош и поддршка на нашите стратешки партнери од областа на образованието и бизнисот беа изработени: Брошура „Образование по мерка на бизнисот“ (https://www.mchamber.mk/upload/publications/4/754_1.pdf); „Упатство за учење преку работа“, „Водич за процесот на верификација на нова квалификација“; „Дуален модел на стручно образование во Република С.Македонија“; „Концепт за размена на информации меѓу институциите“ во функција на прогнозирање на побаруваните вештини (https://www.mchamber.mk/upload/publications/4/790_1.pdf).

8. Пандемијата не ја спречи Комората да презема активности во пополнување на празнините во делот на обезбедување стручен кадар, потребен за продуктивност на компаниите преку процесите на доквалификација и преквалификација на работната сила низ системот на неформалното образование. Во соработка со компаниите, членки на Комората, реализираше обуки за квалификации според нивните потреби (месари, касапи, готвачи, заварувачи, бравари), а паралено ги спроведуваше процесите за обезбедување квалитет во стручното образование и обука (сертифицирање на ментори во компании и верификација на компаниите за практична обука на учениците). Дополнително, со финансиска поддршка на УНДП, реализираше обука на околу 180 ментори во компании.

9. Иако, во една максимално сложена ситуација, пандемијата не ја спречи Комората да ја продолжи меѓународната и регионалната соработка во областа на образованието. Во таа насока, за зајакнување на квалитетот на стручното образование и обука кое ќе одговара и ќе ги следи потребите на компаниите, Комората, преку Коморскиот инвестициски форум на 6-те земји на Западен Балкан, како главен партнер за имплементација, заедно со Регионалниот фонд на предизвици за земјите од Западен Балкан (основан на иницијатива на Министерството за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија (BMZ), а финансиран од Германската банка за развој (KFW)), беше вклучена во активностите и инфо сесиите за информирање на компаниите, во партнерски однос со стручните училишта, да учествуваат на отворениот повик за доделување грант за финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за проекти кои го подржуваат учењето преку работа или дуалниот модел на образование. Резултат: 8 конзорциуми го добија грантот за своите проекти и учениците ќе имаат можност да ги стекнуваат своите практични вештини на софистицирани машини и опрема. Во насока на обезбедување човечки ресурси за компаниите, олеснување на регионалната мобилност на пазарот на трудот и побрза вработливост, особено за младите лица, Комората беше вклучена во регионалниот проект „Кон заеднички регионални стандарди на занимања – ТО РЕГОС“. Резултат: изработени 5 регионални стандарди за занимања и квалификации: хотелско-ресторантски техничар, монтер за сува градба, поставувач на подови, плочкар и молер. Проектот ги надмина очекувањата што беше причина за отпочнување на нов проект: „Подобрување на квалитетот на образованието и обуката во Југоисточна Европа (EQET SEE)“, поддржан и од Коморскиот инвестициски форум, со учество и Стопанската комора на Северна Македонија.

11. Стручното образование, особено во време на пандемија, беше тема на вебинарите организирани од Европската комисија, во кои активен придонес даваа претставниците од Комората.

**Што можеме да заклучиме?**

Оваа 2021 година ќе остави белег во нашите животи, како и минатата 2020 година. Но, со бројот на активности кои ги реализиравме, покажавме дека можеме брзо да се прилагодуваме на промените. Он-лајн работењето што започна како потреба поради пандемијата стана тренд во работењето на компаниите, па и во Комората. Во склад со приликите, во организација на Македонскиот центар за граѓанско образование, во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и Министерството за образование и наука, а со поддршка на проектот „Образование за вработување“ беше успешно реализиран Дигиталниот самит за средно стручно образование со една, единствена цел, да се поддржат младите деветтоодделеници и нивните родители во изборот на соодветна квалификација и занимање, како и да се промовира стручното образование и обука, и да се поддржат компаниите и стручните училишта во напорот да го привлечат вниманието на младите.

Иако има уште многу да се пишува за активностите на Комората во 2021 година, сепак ќе завршам со дигиталната Платформата за вмрежување на компании и стручни училишта (https://praksa.mchamber.mk), со што Комората стана центар каде се вмрежуваат чинителите кои се клучни за одржливост на процесите во стручното образование и обука.

# Со НОВИОТ ЗАКОН ЗА МЕДИЈАЦИЈА- Поблиску до Директивата на ЕУ за медијација во граѓанските и стопанските спорови



На 27.12.2021 година во Службен весник на РСМ е објавен Новиот Закон за медијација („Службен весник на Република С.Македонија" бр. 294/2021). Новиот Закон за медијација е влезен во сила од 04.01.2022 година односно осмиот ден од објавувањето во Службен весник на РСМ. Со денот на влегувањето во сила на НОВИОТ закон престанува да важи Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" број 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16). Во делот на Преодните и завршни одредби во Законот за медијација („Службен весник на Република С.Македонија" бр. 294/2021) наведени се сите активности кои ќе следат во утврдените рокови.

Новиот Закон за медијација, кој на 23.12.2021 година беше изгласан во Парламентот, има за цел приближување на земјата кон Европската Унија, која, пак, во ситуација на разрешување конфликтни и спорни ситуации акцентот го става на алтернативното решавање на споровите и медијацијата како еден од нив.

Со новото законско решение ќе се овозможат услови за успешна примена на Законот во практиката, ќе се овозможи уедначена примена на законските одредби од страна сите медијатори, ќе се промовира медијацијата и резултатите од нејзината примена.

Во Законот се разработени начелата на медијацијата, целосно усогласени со Директивата на Европската Унија 2008/52/ЕС за медијација во граѓанските и стопанските спорови, како што се начелото на доброволност на медијацијата, начелата на рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост, достапноста на информациите од медијацијата во другите постапки, еднаквост на страните, правичност, ефикасност и економичност.

Предвидена е и новина во однос на начинот на полагање на испитот за медијатор пред Комисија што ќе влијае на создавање квалитетен, стручен и обучен кадар, кој успешно ќе ги извршува работите од областа на медијацијата.

Бидејќи кај медијацијата клучна е довербата, од големо значење е која личност ќе биде определена за лиценциран медијатор како лице што правилно ќе ги насочува страните во спорот кон постигнување заемна спогодба.



Во Новиот закон за медијација преку задолжителното пријавување на барањата за медијацијата во рок од три дена (и следење на нивниот тек) ќе се добијат податоци што ќе ги дадат параметрите на применливоста и успешноста на медијацијата во практиката и ќе се овозможи, врз основа на запишаните предмети во Регистарот, медијаторот да го оствари правото на субвенционирање на постапките за медијација.

Исто така, законското решение предвидува да се доуреди составот, надлежноста и начинот на работењето на Одборот за медијација односно сега Националниот совет за медијација (согласно новиот Закон), како тело надлежно за работите на медијацијата.

Со решенијата што ги нуди новиот Закон, ќе се зајакне медијацијата во нашата држава и ќе се обезбеди заслуженото место, а од друга страна, ќе зајакне правната сигурност на корисникот на медијацијата со што ќе се овозможи на многу побрз и сигурен начин да се остварат нивните права и интереси.

Исто така важно е да се напомене дека со потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Комората на медијатори и Владата, меѓу другото, им се препорачува на јавните претпријатија и на државните органи да ја препорачаат и користат медијацијата пред да одат во судска постапка.

*Инаку, зошто е корисна постапката за медијација? Во процесот на медијација, нема победници и губитници, нема наметнување решенија, нема потреба некој друг да одлучува наместо страните во постапката. Самите страни со помош на трето неутрално лице – лиценциран медијатор, заеднички наоѓаат и доаѓаат до конструктивно прифатливо решение.*

*На суд речиси секогаш едната страна губи, другата победува, додека во процесот на медијација сите страни во спорот се согласуваат на решение што ним им одговара, односно сите се победници.*

*Всушност, медијацијата ја надополнува и олеснува судската постапка и може да започне како алтернатива на судската постапка.*

*Доколку во првостепена судска постапка за одредени видови спорови (медијабилни), судијата утврди дека спорот е погоден да се реши по пат на медијација, на страните може да им ја препорача таа опција.*

*Во Комората на медијатори на Република Северна Македонија во моментов се запишани 46 лиценцирани медијатори.*

# „Брако“ донираше медицинска опрема на детското одделение во велешката болница




Денеска (12 јануари 2022 ), претставници на „Брако“ во име на здравствената грижа за заедницата, овој пат за најмладите пациенти, донираа медицинска опрема наменета токму за детското одделение при Општата болница во Велес, со цел обезбедување квалитетна и навремена здравствена грижа за децата-пациенти.

На главната сестра на детското одделение во велешката болница, Олгица Пепелашева и' беа предадени за употреба 30 медицински држачи за инфузија кои што се дел од медицинската производствена програма на „Брако“ .

„Сметаме дека најдобар начин да ја покажеме грижата за здравјето на заедницата е да дадеме поддршка кога е најпотребно. Совесно и одговорно ја препознавме потребата, во интерес на најмладите пациенти, да донираме медицинска опрема која во рамки на компанијата „Брако“ се реализира во согласност со најстрогите ИСО – стандарди и се пласира ширум светот:



Шведска, Холандија, Велика Британија, Јапонија, САД, Данска, Полска. Ја предаваме оваа донација со желба за брзо и лесно оздравување на секој од пациентите во велешката болница со желба што поскоро да се вратат назад во своите домови, а децата да продолжат со своите безгрижни денови полни здравје“, изјави г-динот Огнен Анѓушев од одделот за набавки во „Брако“.

Вработените во болницата и особено од детското одделение во велешката здравствена установа изразија благодарност до „Брако“ за денешната донација, како и за помошта во медицинска опрема испорачана од компанијата во изминатиот период.

„Неизмерна благодарност до ‘Брако’ за денешната донација од држачи за инфузија. Компанијата секогаш и во секое време ни излегува во пресрет кога имаме потреба од опрема која што е дел од нивната производна програма. Овие донации ни се особено потребни. Медицинската опрема која што ја добивме денеска веднаш ќе ја ставиме во употреба со цел да се погрижиме за подобро здравје на поголем број пациенти. Се надевам дека за скоро ќе ја пребродиме оваа тешка состојба предизвикана од корона пандемијата во одреден дел и благодарение на донациите од компаниите како ‘Брако’“, вели раководителката на детското одделение, Пепелашева.

Во пресрет на новогодишните празници „Брако“ донираше и медицински помагала на Центарот за лица со церебрална парализа во рамките на ОУ „Киро Глигоров“ во Скопје. И оваа година, „Брако“ продолжува да биде пријател со општествено одговорен приоритет и кон најранливите социјални категории.

# Климе Попоски за МИА: Македонскиот осигурителен пазар не е имун на дигитализацијата, иако бавно доаѓа



Поплави, земјотреси, сообраќајни незгоди, финансиски загуби, безброј опасности демнеат околу нас. Осигурувањето како механизам кои не` заштитува од вакви непредвидливи ситуации, секојдневно доживува промени стимулирани од технолошките развитоци. За важноста, придобивките, ризиците врз осигурителната индустрија како резултат на технолошките развитоци, како и за тоа дали осигурувањето кај нас ја има потребната стабилност да го следи трендот на стабилност на технологијата, во интервју за МИА говори професорот и експерт во областа на осигурителната индустрија и член на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, Климе Попоски.

# Анѓушев за МИА: Повеќе нема да видиме цени на електричната енергија под 80 евра за мегават час



-Ако зборуваме за цената на електричната енергија многу е важно да кажеме прво од каде потекнува и што се случува – дали ова што се случува е во Македонија или е нешто пошироко. Ова што денеска го имаме сите го викаат како енергетска криза, а јас не го викам енергетска, туку финансиска криза, бидејќи енергетска криза би било доколку некој нема електрична енергија во Европа. Како што гледаме никој не се жали дека нема електрична енергија, сите имаат електрична енергија, што значи дека кризата не е дека нема енергија, туку кризата е дека енергијата е скапа. Е сега, како дојде до тоа енергијата да биде скапа се четири фактори коишто ја генерираат цената на електричната енергија.



# ВОНРЕДНИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРВ СЛУЧАЈ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Африканската чума во регионот на Делчево до сега уништи 195 домашни свињи, главно од малите производители во селските домаќинства. Во втората фаза, пак, се заканува да бидат уништени над 740 домашни свињи. Истовремено, директорот на АХВ Николче Бабовски најави вонреден попис на сите одгледувалишта, но смирува одгледувачите да не стравуваат, сите ќе бидат обештетени по пазарната вредност на грлата,а средствата што ќе им бидат исплатени нема да бидат пониски од ценовникот на грлата,

Групацијата на прозиводители на свинско месо уште пред 2 години алармираше за проблемот кога вирусот се појави во соседството, најпрвин во Бугарија, а потоа и во Србија. Во 2021 година се произведени се над 15.000 тони домашно месо. Проблем е голем и треба да се прифати од страна на државата како висок итен приоритет. Во спротивно, доколку се остварат најлошите сценарија, половина од сточниот фонд во свињарството ќе треба да се уништи, посочија домашните фармери.

Првиот случај на африканска чума беше потврден на 6 јануари годинава во делчевското село Драмче. Инаку станува збор за вирусно заболување, кое брзо се шири меѓу животните и најчесто завршува со смртен исход. Оние пак кои ќе оздрават, остануваат трајни носители на вирусот. Болеста не се пренесува кај луѓето.

И покрај појавата на африканската свинска чума зголемување на цената на свинското месо нема да има, бидејќи се ништат свињи од високоризични, односно мали семејни фарми. Двете македонски групации за производство на свинско месо побараа од државата на терен да се применат мерките, кои пред две години се донесени. Во радиус од три километри кај делчовско Драмче веќе нема АХВ ги презема сите здравствено безбедносни мерки. Сега се работи на фармите кои се во радиус од 10 километри.

Оваа болест го загрозува бизнисот од 180 милиони евра на 11.000 семејства. Двете здруженија побараа безкомпромисно да почне и реализација на Програмата за покачување на биосигурноста на фармите и контиунирани инспекции на терен.

# Виктор Мизо: Компаниите со технолошко напредно производство се соочуваат со предизвици од пандемијата



Предизвиците наметнати од пандемијата, енергетската криза, одливот на стручен кадар се само дел од тешкотиите со кои се соочуваат странските компании во земјава. И во услови на криза, кога се соочуваат со пад на производството, овие компании ги задржаа вработените, а работат и на доедукација на нов стручен кадар.

Претседателот на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство при Стопанската комора на Северна Македонија, Виктор Мизо, во интервју за МИА, говори за влијанието на пандемијата врз производствениот процес, времетраењето на испораката, но и зголемените трошоци за транспорт и репроматеријали.

– Инфлацијата полека, но сигурно ги еродира и оние веќе намалени профитни маргини заради драстичниот пад на обемот на производството. Според интерната анализа на компаниите од автомобилскиот сектор – членки на Асоцијацијата за технолошки напредни компании, за периодот од јули до декември 2021 година, евидентен е падот на обемот на производството споредено со истиот период лани, истакна Мизо.

Најоптимистичките превидувања за целосно заздравување во автомобилскиот сектор, според него, се до 2025 година.

Во услови на пандемија, кога голем број фирми се соочија со отпуштање вработени, кај странските компании, според Мизо, годинава е забележано намалување на вработените за околу два отсто. Енергетската криза, додаде, неколкукратно ќе ги зголеми трошоците за струја на компаниите, што дополнително и директно ќе влијае на финансиските резултати. Токму затоа, подвлече, неопходна е помош од државата, барем во првиот квартал од годинава.

– Сите вработени, од оператори, техничари до инженери и менаџери, ја споделуваат судбината на компанијата во која се ангажирани. Стагнацијата, а веќе и опаѓањето на профитните маргини и обем на производство значи и поумерен раст на нови вработувања, оптимизирање на трошоците и генерално, поголема рационалност во бенефитите за вработените. И покрај негативните околности, компаниите се стремат да ги задржат вработените, но сепак дополнителни финансиски мерки од страна на државата за задржување работни места во автомобилската индустрија, која реално гледано трпи најдолгорочни последици, се неопходни барем за време на првиот квартал од 2022 година, вели Мизо.



Во интервјуто, претседателот на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство се осврна и на проблемот со набавката на електронски чипови на глобално ниво. Неизвесноста на среден рок смета дека ќе биде поприсутна кај трудоинтензивните компании, поради новите технолошки трендови и најавениот раст на минималната плата, воведувањето на недела како неработен ден и одлив на дел од кадрите во странство.

– Пред нас е нов предизвик, кој порано или подоцна ќе биде наметнат како ефект од заживувањето на слободниот пазар на трудот во рамките на иницијативата „Отворен Балкан". Ова секако дека ќе придонесе за дополнителен одлив, како на стручен и специјалистички кадар така и на менаџерски, односно лидерски кадар, заклучи Мизо.

Влијанието на пандемијата предизвика пад на индустриското производство, што значително се осети во автомобилската индустрија. Дали почна закрепнувањето и кога очекувате целосно заздравување?

– Крајот на годината е пред нас, но не и крајот на последиците од пандемијата за економијата и за автомобилската индустрија, како на глобално така и на локално ниво. Глобално, жариштата на пандемија се менуваат, рестриктивните мерки се обновуваат, понудата и побарувачкатата се во постојана осцилација, непосредните деловни контакти се сведени на минимум, но фабриките во автомобилскиот сектор сè уште даваат отпор и се борат за одржливоста на своите бизниси. Времетраењето на испораката и трошоците за транспорт значително пораснаа во изминатите 12 месеци, а последното е случај и со цените на речиси сите репроматеријали и полупроизводи.

Инфлацијата полека, но сигурно ги еродира и оние веќе намалени профитни маргини заради драстичниот пад на обемот на производството. Според интерната анализа на компаниите од автомобилскиот сектор – членки на Асоцијацијата за технолошки напредни компании, за периодот од јули до декември 2021 година, евидентен е падот на обемот на производството споредено со истиот период лани. Ова е во директна корелација и е главен контрибутор и на падот на индустриското производство и индексот во преработувачката индустрија во земјава во истиот период. Целосно заздравување со автомобилскиот сектор нема да се случи брзо и многу зависи за кои региони станува збор. Оваа година е изгубено производство од околу 11.4 милиони возила на глобално ниво. Планот за раст за годинава е околу четири отсто споредено со 2021, со тоа што САД и Кина ќе го почувствуваат заздравувањето многу побрзо и во поголем обем. Кај нив, враќањето во некоја „нормала" ќе се случи во втората половина на 2023, додека за Европа тој процес ќе потрае до 2025 година. Нормално овие анализи и проекции се засновани врз претпоставка за лимитирани идни влијанија на Ковид-19.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Онлајн семинар**

**24.01.2022**

# КОРИСТЕЊЕ НА АЛАТКИ НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО POWER BI




Затоа што живееме во дигитална ера која побрзо од очекуваното ја отвара вратата на автоматизацијата, стекнувањето на знаења и вештини за вештачка интелигенција, машинско учење и моделирање се од круцијално значење за носење на интелигенти одлуки со кои ќе се подобри работењето на организациите. Една од најмоќните алатки за моделирање, анализирање и визуелизирање на големите податоци е Power BI, а нејзината се поголема примена ја овозможуваат и вградените алатки за вештачка интелигенција и машинско учење. Кои прашања сакаме да ги одговориме преку моделот на податоци, а кои ќе имаат значајно влијание во натамошните чекори кои треба да ги превземеме за да ги постигнеме поставените таргети? Кои фактори влијаат на резултатите? Каква е дистрибуцијата на податоците? Кои се причините за добиените резултати? Која комбинација на фактори во пооделните сегменти (кластери) има најголемо влијание на резултатите? Дали има можност за автоматско генерирање на сумарен текст за креираниот извештај во Power BI? Ова се најзначајните прашања кои ќе бидат дел од онлајн обуката на тема: „Користење на алатки на вештачка интелигенција во Power BI" која ја организира Стопанската Комора на Северна Македонија на 24.1.2022 година

За обуката потребно е да инсталира следната верзија на Power BI Desktop: 2.91.884.0, достапна бесплатно на следниов линк: https://www.microsoft.com/en-us/download/details.aspx?id=58494.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија. Има голема „архива" на меѓународно искуство и стекнати признанија и награди од водечките меѓународни здруженија во нејзината област. На извонреден начин го пренесува своето знаење за клучните вештини на 21-от век (бизнис интелигенција, бизнис аналитика, наука за податоци, вештачка интелигенција, машинско учење, моделирање) со цел да им помогне на организациите да имаат обучени професионалци за податоци за да можат да ги подобрат своите перформанси и да остварат конкурентска предност..

**Сите заинтересирани за учество да се пријават најдоцна до 20.1.2022 година.**

[https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3311&lng=1](https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3311&lng=1)



**Семинар**

**25.01.2022**

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ И ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 25 јануари 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница која ќе ги опфати актуелните измени на Законот за работни односи и Законот за трговија, со цел навремено да ги информира слушателите за новите правила поврзани со определување на недела како ден на неделен одмор. Работилницата на сеопфатен начин ќе ги разгледа изменетите и дополнети членови и ќе одговори на наметнатите дилеми во работењето.

Ќе се дискутира за тоа во кои дејности работодавачите задолжително ќе мора да го определат денот недела како ден за неделен одмор од една страна, наспроти дејностите каде примена наоѓа исклучокот од ваквата задолжителност.

Покрај разјаснување на областите на кои ќе се однесува измената, дополнително ќе се анализираат: обврските на работодавачите за исплаќање надоместок за работниците кои ќе работат во недела, надоместокот предвиден со Законот за трговија кој трговците ќе мора да го плаќаат заради можноста која ја искористиле да работат во недела, како и правото на работниците да користат друг ден на неделен одмор во неделата.

Ќе се направи преглед и на прекршочните одредби, преку укажување на измените на Законот за работни односи во поглед на спроведувањето инспекциски надзор и мерките кои инспекторатот може да ги преземе во однос на работодавачите кои не се усогласиле со новата измена.

Крајно, ќе се направи осврт и на правилата за користење на годишен одмор од аспект на пресметување на деновите кои нема да се засметаат во годишен одмор.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

За сите учесници ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 21.01.2022 година.**

[https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3315&lng=1](https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3315&lng=1)

**Онлајн семинар**

**26.01.2022**

# Напреден Ексел за менаџмент со залихите

Адекватаното управување со залихите ги решава следните проблеми:

- Временското неусогласување помеѓу побарувачката и снабдувањето;
- Обезбедување на потребните материјали и стоки така да процесот на производство и дистрибуција може да се реализира рамномерно и непрекинато.

Во пракса често се појавува неусогласеноста помеѓу потребите и расположливоста на материјалите и стоките кои се користат во производството и дистрибуцијата.

Во управувањето со залихите се користат методи и симулациони модели кои ја отсликуваат состојбата со залихите. Тие се користат за :

- Да предвидите кои производи купувачите сакаат да купат;
- Во секој момент да одговорите на барањата на купувачите;
- Да се надомести неизвесноста помеѓу интензитетот на снабдувањето и интензитетот на побарувачката.

Управувањето со залихите има значително влијание на останатите деловни функции на компанијата, особено на логистичките операции, продажбата, маркетингот, финансиите и други.

Деловното известување користи напредни Ексел алатки кои овозможуваат следењето на залихите да биде соодветно.

Предавач: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја “Business Clinic DB”.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3312&lng=1



**Семинар**

**27.01.2022**

# Влијанието на дигиталниот маркетинг во време на пандемија

Дигитализацијата е дел од секоја една успешна приказна во денешно време. Социјалните медиуми преку апликациите кои секојдневно ги употребуваме на нашите смарт телефони, се само дел од новата реалност во нашите животи. Facebook,Viber, Instagram, Twitter, Snapchat, и уште многу други се само дел од нашето дигитално секојдневие.

Целта на овој „онлајн“ семинар е да ги разработиме придобивките од примената на разни апликации кои се составен дел од нашите животи, употреба на алатки за нивна примена но и најважното, придобивките за компаниите од „дигитализација“ на нивниот продажен свет. Од друга страна пак многу е важно да ги идентификуваме и предностите на нивната употреба но и недостатоците со кои би се соочиле како компанија на пазарот.

Теми кои ќе се опфатат на „онлајн“ семинарот:

- Креирање на успешна веб страна и нејзините содржини за време на пандемија;
- Дата менаџмент, што на кратко би значело архивирање на мислењето на купувачите пред и за време на пандемијата;
- Инвестиции во дигитален маркетинг: Facebook,Viber, Instagram, Twitter, Snapchat;
- Предизвици и недостатоци од примената на дигиталниот маркетинг за време на пандемија

Предавач:

- доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 25.01.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3314&lng=1

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**100**
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088